| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Природата во пролет |
| **Содржина на денот** | Бамби |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Анета Ивановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Потсетување на детето за одржување на физичко растојание во прошетките и расојание со животните (слика 1). |
| **Активност** | Сликовницата е првата книга со која децата остваруваат контакт уште од најмалата возраст. Убавите насловни корици, шарените илустрации во неа ги примамуваат да ја разгледаат, прочитаат и да ја доживее(слика 2). Таа има моќ да го поттикне детското љубопитство за да го открие светот. Преку неа детето ги развива мислењето, вниманието, воочувањето, емоциите, говорот и др. Убаво е да има секојдневно дружење со неа , да им се чита редовно па затоа предлог за денес е сликовницата „Бамби". Додека ја читате сликовницата поттикнете го детето да говори што има на сликите, да ги опишува дејствијата,л иковите, а и нивните постапки (слики 3, 4 ,5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11). Нека се обиде да ја раскаже приказната со свои зборови следејќи ги сликите. Откако ќе ја раскаже приказната предложете му на детето да ја посетите Зоолошката градина каде би го набљудувале одблизу малото срнче (слика 12). |